# Едукација во болница Токуда-Софија




Едукацијата во болницата Токуда во Софија траеше од 11.05-06.06.2014год.

Едукацијата можам да ја окарактеризирам како успешна ,бидејки се стекнав со нови знаења и вештини околу работата на ЕЕГ апаратот,за што и бев испратена. На мое задоволство бев многу добро прифатена од  страна на Др.Михнев, кој исклучиво работи на оваа проблематика и од негова страна после неколку дневната обука ми беше дозволено самостојно да работам на ЕЕГ апаратот,исклучиво само за снимање.

Пациенти воглавно беа хоспитализирани во одд. на Неврологија,имав можност да видам најразлични случаеви како пациенти во епилептична кома, со мозочни удари,со проблеми со сонот,мозочен тумор и тн.



За прв пат имав можност да се сретнам со снимање на ЕЕГ на 8- месечно бебе кое почесто добива конвузии,постапката е поразлична отколку кај возрасни се вметнуваат само осум електроди .Оваа постапка за мене беше нешто ново бидејки кај нас во Здравствениот дом не сме работеле ЕЕГ на бебиња и мали деца ,воедно имавме и снимање на 4-5 год. дечиња со парцијална бенигна епилепсија и други проблематики.






На поедини пациенти секојдневно им се правеше ЕЕГ за да ја следат нивната состојба,посебно на пациентите во епилептична кома.Останатиот дел од работното време кога немавме пациенти за Енцефалографија го поминував во кабинетот за ЕМГ и Евоцирани потенцијали  каде што и таму се стекнав со некои предзнаења.Исто така често бевме и на оделение ,поточно на интензивна нега,можам да се пофалам со добро стекнато искуство.